Ваш деловен соработник во светот на бизнисот
# БИЗНИС ИНФО
102 години
Број 562 www.mchamber.mk 22.03.2024



## ПРЕКУ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧ ДО САЕМ ЗА КОЗМЕТИКА, НЕГА НА КОСА И ЕСТЕТИКА „БЈУТИ ЕКСПО 24“

## ПРВА КОФАС COUNTRY RISK КОНФЕРЕНЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

## АСОЦИЈАЦИЈАТА НА ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКИТЕ ДРУШТВА ВО КАМПАЊА ЗА ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА

**27.03.2024, Семинар**
УПРАВУВАЊЕ СО ОПАСЕН ОТПАД, СОБИРАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ, СКЛАДИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ, РЕЦИКЛИРАЊЕ, ГОРЕЊЕ, КРИТИЧКИ ТОЧКИ И „CASE STUDY“

**28.03.2024, Семинар**
ДЕТАЛЕН ОПИС НА ПОСТАПКА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И МАТЕРИЈАЛИ ВО КОНТАКТ СО ХРАНА

**28.03.2024, Семинар**
Еднодневен семинар на тема: ШТЕТИ ВО РАБОТНИ ОДНОСИ

**29.03.2024, Семинар**
КАКО ДА СЕ СПРЕЧИ КОНКУРЕНТСКО ДЕЈСТВУВАЊЕ ОД РАБОТНИКОТ НА ШТЕТА НА РАБОТОДАВАЧОТ? КОГА ДА СЕ ПРЕДВИДИ КОНКУРЕНТСКА КЛАУЗУЛА И КАКО ТАА ДА СЕ ПРИМЕНИ ВО ПРАКСА? ДАЛИ ПОЧИТУВАЊЕТО НА КОНКУРЕНТСКАТА КЛАУЗУЛА СЕ ПЛАЌА? КОИ ЛИЦА МОЖАТ ДА СКЛУЧАТ

**03.04.2024, Семинар**
НАПРЕД ЕКСЕЛ ЗА ПИВОТ ТАБЕЛИ

**08.04.2024, Саем**
ПОКАНА за учество на саем и Б2Б „Денови на технологија и деловна соработка 2024 година“ - “Technology & Business Cooperation Days 2024” (хибриден настан), Хановер, Германија, 9-25 април 2024 - ЕЕН мрежа

**10.04.2024, Повик**
Повик за учество за Национална награда за компании со најдобро имплементиран систем за безбедност и здравје при работа (БЗР) за 2024 година

**12.04.2024, Семинар**
НАЈЧЕСТИ ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ И ДОГОВОРНИТЕ ОРГАНИ ВО ПРАКСА И ПРАВНА ЗАШТИТА ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

**12.04.2024, Промоција**
ДЕН ЗА КАРИЕРЕН РАЗВОЈ

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## Асоцијацијата на осигурително брокерските друштва во кампања за финансиска едукација



Во рамки на Глобалната недела на парите која се одржува под мотото „Заштити ги своите пари, осигурај ја својата иднина“ , Асоцијацијата на осигурително брокерските друштва се вклучи со едукативен настан – предавање за студентите од трета и четврта година на Економскиот факултет во Скопје, при универзитеот Св. Кирил и Методиј.

Ваквите настани треба да придонесат за зајакнување на свесноста за потребата од осигурување, правата на осигурениците, промоција на финансиската едукација и подигање на јавната свест за значењето на осигурувањето.

Оваа активност е дел од континуираните напори на Агенцијата за супервизија и членките на платформата за финансиска писменост во осигурувањето, а во рамки на Н ационалната стратегија за финасиска едукација и финансиска инклузија која е дел од заложбите на сите финансиски регулатори за унапредување на состојбите во финансискиот сектор во земјава.

Претседателот на Асоцијацијата, д-р Оливера Клинчарова ги презентираше осигурително – брокерските работи и нивната улога во процесот од снимање на ризик и сите законски и етички обврски во процесот на посредување, наплата на премија, укажување на помош во текот на траењето на договорот и стручна помош при настанување на осигуран случај. Исто така беше истакната можноста за студентите да остваруваат практична работа во секторот осигурување како динамична стопанска дејност, а понатаму и да продолжат со едукација и лиценцирање во оваа област.

БИЗНИС ИНФО 5

# Прва Кофас Country Risk конференција во Македонија




21.03. 2024, Скопје - Светски познатата француска компанија Кофас ја организираше првата Country Risk конференција во Македонија. Со повеќе од 75 годишно искуство, претставници на оваа меѓународна компанија за управување со кредитни ризици и гости од други домашни и странски институции, говореа за ризиците од неплаќање на побарувањата и како да се заштитиме од неплаќање.

Сергеј Симонити, регионалниот директор за Кофас Адриатик, вели дека Кофас Македонија е конститутивен дел на Адриатик регионот. „Пазарот во Македонија е во развој, веруваме во успех на македонската економија и веруваме, дека со нашите продукти, може квалитетно да придонесеме до успехот на економијата. Македонија ја гледаме како крстосница меѓу југот и северот, западот и истокот и веруваме во успешен развој. Исто така, многу работиме со словенските инвеститори во Македонија и на крај, но многу е важно, во Македонија се чувствуваме добредојдено“, рече Симонити.

Во својата активност на македонскиот пазар, оваа светска компанија соработува со локални партнери. „На подрачјето на осигурувања на побарувањата наш ценет партнер е Сава осигурување, на подрачјето на деловните информации одлично соработуваме со Интеркредит. Што се однесува до делот на судска наплата, најзначаен партнер во Адриатик регионот е правното друштво Праљак и Свиќ од Загреб“, вели Симонити. Овие три компании, заедно со Кофас Адриатик, ја организираа денешната прва Country Risk конференција во земјава.

Според Мелита Гугуловска,генерален директор на Сава Осигурување а.д. Скопје, се повеќе расте бројот на осигуреници кои го користат продуктот Осигурување на побарувања.

„Сава осигурување го претстави овој продукт, кој дава максимална заштита на бизнисот на компаниите, уште во 2018 година. Сите компании имаат долгогодишни бизнис партнери со кои соработуваат и со кои имаат беспрекорна соработка. Но, не ретко се случува дел од нив, во одредено време, да имаат финансиски проблеми и да престанат со плаќање на обврските. Токму таа ненаплата на побарувањата е ризикот кој го преземаат Сава осигурување и Кофас“, рече Гугуловска.

„Покрај основната функција, заштита од ненаплата на побарување, тој е моќна алатка која дава можност нашите осигуреници да ја зголемат продажбата преку пословоден пазар на сегашните и идните маркети, во земјата и надвор, детална анализа на ризикот и финансиската стабилност на секој ваш бизнис партнер – купувач, максимална контрола на реализација на вашите финансиски планови“ заврши Гугуловска.

На денешната конференција неколку компании, како што се Алкалоид и Либерти стил груп, го презентираа своето искуство од осигурување на побарувањата и заштита од деловните ризици. Македонски партнер во областа на судската наплата за клиентите на Кофас се јавува адвокатското друштво Лазов Бадева адвокати.

Интеркредит, како 20 годишен партнер на Кофас, учествува во оваа конференција за да се подигне свеста кај домашните компании дека не се сами во бизнис ризиците, дека компанијата Кофас со повеќе од 75 годишно искуство во кредитното осигурување и управување со ризик, е тука да помогне и нивната визија за успешен и сигурен бизнис ја пренесе кај македонските компании.

„Интеркредит нуди брзи и ефикасни решенија за заштита од потенцијални деловни ризици преку можноста за процена на нови деловни партнери, процена на финансиската состојба на компаниите, осигурување на побарувања и пронаоѓање нови деловни партнери низ целиот свет“, рече Горан Николоски , генерален директор на Интеркредит Македонија.

БИЗНИС ИНФО 7

# ПРЕКУ ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧ ДО САЕМ ЗА КОЗМЕТИКА, НЕГА НА КОСА И ЕСТЕТИКА „БЈУТИ ЕКСПО 24“



Саемот за козметика, нега на коса и естетика “Beauty Expo 24” по вторпат, се одржа во Скопје, во хотелот Александар Палас, од 15ти до 17-ти март 2024 година.

Саемот преставуваше одлична можност, на едно место, да се видат голем број на професионални брендови, како и на компании, кои ги следат трендовите и новитетите во индустријата за убавина.

Посебно забележителни на саемот беа учениците од СУГС “Димитар Влахов” од Скопје, кои под будното око на своите професори самостојно реализираа: тренди машко потстрижување со колорирање, модерна матурска фризура на долга коса, модерно машко потсрижување и сл. Не помалку интерес, привлекоа и нивните соученици од делот за козметика кои се претставија со неколку третмани: третман за младешка свежина и виталност, класичен третман на лице, врат и деколте со ултразвучна шпатула, свечени матурски нокти и сл.

Како резултат на часовите за практична обука во компаниите, учениците покажаа завидно ниво на спремност и умешност и предизвикаа голема заинтересираност од страна на присутните кои беа воодушевени од нивната младешка енергија и смелост за впуштање и следење на новите трендови.

Уште еднаш се покажа дека стекнатите знаења, споени со практична обука во компаниите, под постојан надзор на менторите, обучени од страна на Стопанската комора на Северна Македонија, е полн погодок, а за учениците чекор плус кон нивната идна професија.

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
27.03.2024

# УПРАВУВАЊЕ СО ОПАСЕН ОТПАД, СОБИРАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ, СКЛАДИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ, РЕЦИКЛИРАЊЕ, ГОРЕЊЕ, КРИТИЧКИ ТОЧКИ И „CASE STUDY“

Безбедноста и здравјето при работа општо се дефинира како наука за предвидување, препознавање, проценување и контрола на опасностите кои се јавуваат во или од работното место. Широк спектар на структури, вештини, знаење и аналитички капацитети се потребни за да се координираат и имплементираат сите елементи кои ги сочинуваат националните системи на безбедност и здравје при работа, така што заштитата достигнува до работниците и животната средина. Позитивното влијание од воведувањето на системите за управување со безбедност и здравје при работа на ниво на организација, како за намалување на опасностите и ризиците, така и на продуктивноста, денес е признаено од страна на Владата на Република Северна Македонија, работодавачите и работниците.

Со цел да се информираат корисниците, за променливите методологии од областа на безбедност и здравје при работа, како што е и правилното управување со опасни материи и отпад, со што се помага во одржување на здрава и безбедна средина, Стопанската комора на Северна Македонија на 27 март 2024 година, во соработка со Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР), ќе реализира еднодневен семинар на тема: УПРАВУВАЊЕ СО ОПАСЕН ОТПАД, СОБИРАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ, СКЛАДИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ, РЕЦИКЛИРАЊЕ, ГОРЕЊЕ, КРИТИЧКИ ТОЧКИ И „CASE STUDY“.

На семинарот присутните ќе се стекнат со неопходни познавања за опасниот отпад и одредени компетенции за управување со истиот.

Предавач:
м-р Ана Каранфилова Мазневска раководител на сектор за отпад, Министерство за животна средина и просторно планирање

Контакт лица:

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk



Семинар
28.03.2024

# ДЕТАЛЕН ОПИС НА ПОСТАПКА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ПРОИЗВОДИ И МАТЕРИЈАЛИ ВО КОНТАКТ СО ХРАНА

Стопанската комора на Северна Македонија, на 28.03.2024 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „ Детален опис на постапка за поднесување на барање за ставање во промет на производи и материјали во контакт со храна“.

На оваа онлајн работилницата детално ќе биде објаснета постапката и потребните документи кои треба да се достават во прилог на барањето за добивање на мислење/ одобрение/ решение за ставање во промет на производи и материјали во контакт со храна.

Ќе се разговара за документите со кои се потврдува безбедноста согласно општите и посебните барања за различни видови материјали и производи што доаѓаат во контакт со храна, согласно Закон за безбедност на храна.

Во текот на работилницата слушателите ќе бидат запознаени со различни видови на документи кои се потребни за различни видови на материјали, примери за случаи при увоз од производител од добавувач, кој не е производител на производите,; производи кои се произведени во една земја, а се увезуваат преку друга.

Предавач:
СУЗАНА ПОПОВСКА- дипл. Биолог- биохемичар, стручен соработник при контрола на производи и материјали во контакт со храна

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

**Семинар 28.03.2024**

# Еднодневен семинар на тема: ШТЕТИ ВО РАБОТНИ ОДНОСИ

Во организација Стопанската комора на Северна Македонија, на 28 март 2024 година ќе се организира еднодневен семинар на тема: ШТЕТИ ВО РАБОТНИ ОДНОСИ.

Организираност и придобивки од семинарот:

Овој еднодневен семинар е организиран по принцип на интерактивна обука, со цел учесниците низ предавања и практични примери од пракса да се стекнат со нови и да ги унапредат постојните знаења во областа на работните односи, поконкретно за видовите на штети,одговорност за штета на работодавачот, надомест на штета на работникот и на блиски лица на работникот, паушално обештетување, разлики помеѓу надомест на материјална штета и исплата на плати и слични теми како и анализа на судска пракса и вежби.

За кого е наменет семинарот?

Семинарот е наменет за сите вработени во правните служби во јавниот и приватниот сектор, адвокатите и правни практичари кои работат во областа на трудовото законодавство, менаџери во компаниите, управители на друштва, вработени во секторите за управување со човечки ресурси, како и за сите останати кои сакаат да го усовршат и надградат своето знаење или истото да го потврдат во делот на работните спорови, низ призма на искуството на правни практичари.

Предавачи:
- Судија Лидија Димова
- М-р Драган Лазаров, адвокат

Контакт лица:

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk



**Семинар 29.03.2024**

# КАКО ДА СЕ СПРЕЧИ КОНКУРЕНТСКО ДЕЈСТВУВАЊЕ ОД РАБОТНИКОТ НА ШТЕТА НА РАБОТОДАВАЧОТ?

Стопанската комора на Северна Македонија, на 29 март 2024 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема „Како да се спречи конкурентско дејствување од работникот на штета на работодавачот? Кога да се предвиди конкурентска клаузула и како таа да се примени во пракса? Дали почитувањето на конкурентската клаузула се плаќа? Кои лица можат да склучат менаџерски договор? Што го прави овој договор посебен?“.

На работилницата ќе се дискутира за забраната за конкурентско дејствување преку анализа на конкурентската забрана и конкурентската клаузула. При тоа, ќе се посочат разликите и сличностите помеѓу овие две законски категории и ќе се разговара за тоа колку е ефективна нивната примена во пракса. Особено ќе се дискутира за тоа како најдобро да се направи проценка за кои работни позиции е неопходна конкурентска клаузула, и откако ќе се вметне во договорите за вработување, како таа да се реализира и да се обезбеди нејзино остварување по завршетокот на работниот однос.

Ќе се анализираат посебностите на менаџерскиот договор, кој ја диктира позицијата на менаџерите во деловното работење. Ќе се разговара по однос на прашањето дали во Македонија се применуваат издржани менаџерски договори, и како всушност да се концепира договор кој во сé ќе ја оствари целта за неговото донесување.

Во рамки на работилницата, ќе се направи преглед на обврската за чување деловна тајна и последиците на непочитувањето, од аспект на тоа како да се дефинира што за секој конкретен работодавач ќе претставува деловна тајна и како да се изработи интерен акт на работодавачот за протокол околу чување деловна тајна.

Крајно, ќе се објасни на кој начин може да се оствари законски издржана измена на договорите за вработување, и кои одредби треба да се избегнуваат од причина што се сметаат за невалидни.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

Семинар
03.04.2024

# НАПРЕД ЕКСЕЛ ЗА ПИВОТ ТАБЕЛИ

Пивот табелите во Ексел спаѓаат во најважните алатки во деловното планирање, микроекономската анализа и носењето на одлуки. Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме пивот табелите, бидејќи тие се дел од најважните алатки за носење на деловни одлуки.

Обуката е наменета за сите оние коишти сакаат да научат како да:

- Препознаваат ситуации во кои примената на пивот табелите може да помогне во процесот на одлучување;
- Да спроведуваат едноставна анализа во пракса користејќи MS Excel и на тој начин да издвојуваат дополнителни информации од собраните податоци;
- Интерпретираат различни нумерички податоци прикажани во деловните извештаи или критички да пристапат во вреднувањето на статистичките податоци пред носењето на деловни одлуки.

Предавач:
Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk



Саем
08.04.2024

# ПОКАНА за учество на саем и Б2Б „Денови на технологија и деловна соработка 2024 година“ (хибриден настан), Хановер, Германија

Стопанската комора на Македонија во организација на Европската мрежа на претприемачи (ЕЕН), Ве покануваат да земете учество на денови на технологија и деловна соработка 2023 година, “Technology & Business Cooperation Days 2024.

Деновите на технологија и деловна соработка 2024 година повторно ќе се организираат како традиционален брокерски настан со лични состаноци на саемот Hannover Messe 2024 саемот, од 22– 25 април 2024 година, со (физичко присуство).

Онлајн-состаноците ќе бидат организирани две недели пред саемот од од 9 до 11 април 2024 година, со онлајн учество, во рамки на саемот.

На деновите на технологија и деловните средби, ќе присуствуваат компании од целиот свет, и учесниците ќе имаат можност да остварат директни деловни контакти со потенцијални партнери, добавувачи, подизведувачи и клиенти на четири главни теми, во делот на:

Индустрија 4.0 и паметни производствени решенија
Ресурси и енергетски ефикасни производствени технологии
Одржлива енергија и мобилност
Алатки за мерење на процесите

Сите заинтересирани компании своето учество можат да го пријават со регистрација на следниот линк, најдоцна до 8.4.2024 година: Technology & Business Cooperation Days 2024 | Login (b2match.io), каде што ги има и сите подетални информации во врска со настанот. Учеството на настанот е бесплатно.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

Кристина Кузеска
++ 389 2 3244019
kristina@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

102
години



Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088